ДОМ НА КУЛТУРАТА
Бр. 09. 540/1
23.08 1982 год.
РЕСЕН

До ОПШТИНСКИОТ ОДБОР НА СЗБ
Р Е С Е Н.

Предмет: Предлог за отворање
Спомен куќа.

Во прилог Ви доставуваме Предлог за уредување и отворање на Спомен куќа на Битолско-Преспанскиот НОП одред " Даме Груев" во село Златари.

За уредувањето и отварањето на Спомен куќа на прославениот одред " Даме Груев" дадено е кратко образложение во предлогот,меѓутоа познато е дека има уште многу други факти кои го потврдуваат покренувањето на акцијата за уредување и отварање на Спомен куќа посветена на одредот.

За спомен куќа предлагаме да се зме куќата на командантот на овој одред Наум Веслиевски-овчарот,која моментно е напуштена и склона на пропаѓање. Истата би се реставрирала и адаптирала за таа намена.

За реализацијата на оваа замисла секако треба да се ангажираат повеќе фактори во општината, а пред се треба да се оцени оправданоста на предлогот и потоа пристапи на превземање потребни акции и иницијативи за конечна реализација.

Прилог: Предлог за изработка на идејна концепција за уредување и отворање на Споне куќа на Битолско-преспанскиот НОП одред " Даме Груев" во с.Златари.

Дом на културата
Директор,
Костевски Александар

ДОМ НА КУЛТУРАТА РЕСЕН

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОБ
на Социјалистичка Република Македонија
ОПШТИНСКИ ОДБОР
Бр. 08-90
23.8. 1982 год.
РЕСЕН

## ПРЕДЛОГ ЗА ИЗРАБОТКА НА ИДЕЈНА КОНЦЕПЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ И ОТВАРАЊЕ НА СПОМЕН КУЌА НА БИТОЛСКО-ПРЕСПАНСКИОТ НОП ОДРЕД "ДАМЕ ГРУЕВ"

Битолско -преспанскиот НОП одред "Даме Груев" е формиран на 6 јули 1942 година во месноста "Чинедолско кладенче" над с.Златари.

Од неговото формирање извршува многубројни борбено-политички акции на територијата на Преспа,во Македонските села во Албанија, Егејскиот дел на Македонија,Битолско и Дебарца.По одлуката на ГШ на НОВ и ПОЈ на Македонија на 17 јули по примањето на првото борбено знаме,главнината на одредот заминува за Дебарца од чии борци и од борците на други одреди беше формиран баталјонот "Мирче Ацев" првата воена регуларна единица на Македонскиот народ,а предходно оставајќи јадро за формирање на нов одред во Преспа.Од ова јадро со приклучување на нови борци израснува Преспанскиот НОП одред "Даме Груев" кој своите воени дејствија ги изведува се до ослободувањето.

Многумина од борците на одредот заземаа во текот на НОБ важни воено политички функции,а многумина ги положија своите животи на бојното поле.

Имајќи ги во предвид кратко наведените факти за активноста на овој одред се наметнува потребата од отварање на спомен дом,кој трајно ќе ги симболизира револуционерните настани од поблиското минато на Преспа.

Одредот е формиран на планината Бигла на преспанската страна, јадрото за негово формирање беше сосздадено во Преспа и во текот на НОБ изведе многубројни акции на ова подрачје со подршка на членовите на КПЈ и СКОЈ.Како командант на овој одред беше Наум Веслиевски -Овчарот чија куќа во моментов е напуштена со тоа се дава можност како спомен куќа да виде прилагодена оваа куќа во с. Златари.

За реализација на овој предлог предходно треба да се извршат следните активности:

- Решавање на правно-имовинските односи со куќата;
- Изработка на архитектонско-техничка документација;
- Реконструкција и адаптација на куќата;
- Изработка на содржинско музејска концепција.